Македонско Друштво "Илинден" - Тирана
Shoqata Maqedonase "Ilinden" - Tiranë

# ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА



Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ГОДИНА XV БРОЈ 73 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 ЈУНИ/ЈУЛИ 2026 ГОДИНА

## 15 години

**Во овој број**

**Страница 2**

СЕ ОДБЕЛЕЖУВААТ 123 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА МАКЕДОНСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕР ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ПРЕМИЕРОТ НА МАКЕДОНИЈА, ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ ВО ПОСЕТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ТУМИНЕЦ ОБЛАСТА ПРЕСПА

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ЕДИНАЕСЕТ ГОДИНИ РАМНОПРАВЕН ЧЛЕН НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ

**Страница 3**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ, ПО ПОВОД 17-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ДРУШТВОТО Ѝ ВРАЧИ БЛАГОДАРНИЦА “ИЛИНДЕН“ НА МАРЈАНА ДОДА, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК НА “АРГУМЕНТУМ.АЛ“ ВО ТИРАНА

ДЕЛЕГАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ИМ СЕ ПОКЛОНИ НА БОРЦИТЕ ОД СЕЛОТО ТУМИНЕЦ

**Страница 4**

ФАЛСИФИКУВАЛЕ ДОКУМЕНТИ ЗА БУГАРСКО ПОТЕКЛО УАПСЕНИ СЕ АДМИНИСТРАТОРОТ НА ОСТРЕНИ ОБЛАСТА ГОЛО БРДО И НЕГОВИОТ ПРЕТХОДНИК

**Страница 7**

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ЈА ПОЗДРАВУВА АКЦИЈАТА НА АЛБАНСКАТА ПОЛИЦИЈА ВО ОПШТИНА БУЛЌИЗА, ПРИ ШТО БЕА УАПСЕНИ ФУНКЦИОНЕРИ ИНВОЛВИРАНИ ВО ИЗДАВАЊЕ ЛАЖНИ ПОТВРДИ ЗА БУГАРСКО ПОТЕКЛО

БИЗНИС СО ЛАЖЕН ИДЕНТИТЕТ: МАЕИ БАРА ИСТРАГА ЗА МАФИЈАТА СО БУГАРСКИ ПАСОШИ ШТО ГИ УЦЕНУВА АЛБАНСКИТЕ ГРАЃАНИ

**Страница 8**

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО „СОНЦЕ“ ЌЕ БИДЕ ДОМАЌИН НА СЛЕДНОТО ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА НПЛД, КОЕ ЌЕ СЕ ОДРЖИ ВО 2027 ГОДИНА

ЧЕСТИТКА ОД МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ПО ПОВОД 5 МАЈ – ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

**Страница 9**

ПИСМО НА МАЕИ ДО СУДОТ ВО КОРЧА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕДУВАЧ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**Страница 10**

ЈОРГО СИДЕРИ (ГЕОРГИ СИДЕРИ НЕГОВАНСКИ) БОРЕЦОТ ЗА СЛОБОДА СО ДВЕ ИМИЊА И ДВЕ НАРОДНИ ЛЕГЕНДИ ПОВРЗАНИ СО НЕГО КОЈ СЕ БОРЕЛ ПРОТИВ ОТОМАНСКОТО ЦАРСТВО И БУГАРСКИТЕ ЕГЗАРХИСТИ

**Страница 11**

105 ГОДИНИ ОД УБИСТВОТО НА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Македонски весник „Илинден“

СЛЕДЕТЕ НÈ



## СЕ ОДБЕЛЕЖУВААТ 123 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА МАКЕДОНСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕР ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ



Македонскиот револуционер Гоце Делчев бил роден на 4 февруари 1872 во Кукуш, Егејска Македонија идеолог, организатор и водач на македонското национално ослободително и револуционерно движење во крајот на XIX и почетокот на XX век. Бил рожба на својата епоха, кој го изразувал стремежот на македонскиот народ за ослободување од отоманското ропство. Загинал во предвечерието на Илинденското востание на 4 мај 1903 година во селото Баница, Егејска Македонија во борби со османлиската војска која го опколила селото. Посмртните останки на Гоце Делчев на 11 октомври 1946 година се пренесени во Скопје, во црквата “Свети Спас“ каде и денес се наоѓаат.

## ПРЕМИЕРОТ НА МАКЕДОНИЈА, ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ ВО ПОСЕТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ТУМИНЕЦ ОБЛАСТА ПРЕСПА



Премиерот на Македонија, Христијан Мицкоски на 10 мај 2026 година оствари средба со македонското малцинство во соседна Албанија, посетувајќи ги Македонците од Туминец, Преспа. Преку објава на својот официјален профил на социјалната мрежа Фејсбук, проследена со галерија од фотографии од посетата, тој упати силни пораки за национално обединување и континуирана поддршка од матичната држава.

Во своето обраќање, Мицкоски нагласи дека на Македонија денес повеќе од сè ѝ е потребно обединување околу вистинските национални интереси, околу иднината на децата и околу почитта кон сопствената историја и достоинството на народот. Тој направи историска паралела, потсетувајќи дека предците не се делеле кога ја бранеле слободата и не прашувале кој од каде е, туку сите заедно стоеле под едно име – Македонија.

Осврнувајќи се на значењето на македонското малцинство во соседството, тој им оддаде признание на Македонците во Албанија, нарекувајќи ги нераскинлив дел од македонското национално ткиво. Нивната истрајност низ децениите премиерот ја оцени како подвиг достоен за почит, потенцирајќи дека тие успеале да ги сочуваат македонското име, јазикот, традицијата и духот дури и во најтешките времиња.

„Затоа денес сакам јасно да порачам: Матицата нема да ве заборави. Македонија стои со својот народ каде и да е, со почит, со грижа и со искрена поддршка“, порача Мицкоски, гарантирајќи дека државата останува посветена на грижата за своите сонародници надвор од нејзините граници.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ЕДИНАЕСЕТ ГОДИНИ РАМНОПРАВЕН ЧЛЕН НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ




Македонско друштво “Илинден“-Тирана, пред единаесет години беше примено во Федералната унија на европските националности (ФУЕН) највисоката малцинска организација во Европа.

Македонско друштво “Илинден”-Тирана стана прво друштво од Република Албанија рамноправен член на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) на Конгресот што се одржа на 15. 05. 2015 година во Комотини, Грција.

Оттогаш до денес, Македонско друштво “Илинден”-Тирана дава голем придонес во евидентирањето и надминувањето на голем број прашања од интерес на Македонците во Република Албанија. Континуирано работи на заштитата на етничкиот, јазичниот, културниот идентитет и националните традиции на Македонците во Република Албанија.

Покрај тоа, Македонско друштво “Илинден”-Тирана редовно учествуваше во овие единаесет години на сите конгреси на Федералната унија на европските националности (ФУЕН).

На сите конгреси, Македонско друштво “Илинден”-Тирана поднесуваше резолуци чија содржина и намера беше подобрување на животот на Македонците во Република Албанија и сите беа едногласно усвојувани од страна на Федералната унија на европските националности (ФУЕН).

Истите се пратени до сите државните инситуци на Република Албанија и меѓународни институции кои се поврзани со малцинствата. Овие резолуции придонесуваат за подобрување на положбата на Македонците во Република Албанија.

Македонското друштво "Илинден"-Тирана во функција на рамноправен член во Федералната унија на европските националности (ФУЕН) и како дел од Работната група на словенските малцинства (АГСМ ) при Федералната унија на европските националности (ФУЕН), активно го покренува прашањето за Македонците во Република Албанија на меѓунаротната сцена.

Македонското друштво "Илинден"-Тирана во ова прилика упатува искрена благодарност до раковоството на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) и Работната група на словенските малцинства (АГСМ ) за соработката и разбирањето покажано за интересите на македонското национално малцинство во Република Албанија.

Истовремено упатуваме искрена благодарност до Македонското меѓународно движење за човекови права од Канада со претседател г-дин Бил Николов со чија помош овозможува Македонско друштво "Илинден"-Тирана да биде рамноправен член во Федералната унија на европските националности (ФУЕН) преку присуство на сите активности организаирани од ФУЕН.

Да нѝ се множат јубилеите и пријателствата со сите народи и малцинства во Европа.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ, ПО ПОВОД 17-ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ДРУШТВОТО Ѝ ВРАЧИ БЛАГОДАРНИЦА "ИЛИНДЕН" НА МАРЈАНА ДОДА, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК НА "АРГУМЕНТУМ.АЛ" ВО ТИРАНА



По повод 17-годишнината од издавањето на македонскиот весник „Илинден" во Албанија ѝ беше доделене Благодарницата на Друштвото на Марјана Дода во знак на благодарност за нејзината континуираната поддршка на Македонците во Република Албанија и за нејзиниот придонес во афирмирањето на Македонското друштво "Илинден"-Тирана.

„Ми претставува посебна чест, во име на Македонското друштво 'Илинден' – Тирана и Македонското национално малцинство во Република Албанија, лично да ѝ ја врачам Благодарницата "Илинден" за 2026 година на г-ѓа Марјана Дода, главен и одговорен уредник на "Аргументум.ал". Честитки и благодарност за вашата неуморна посветеност - изјави Ѓурѓај на свеченото доделување на Благодарницата.

Главната и одговорна уредничка на "Аргументум.ал", Марјана Дода, изрази искрена благодарност до Македонското друштво "Илинден"-Тирана и неговиот претседател Никола Ѓурѓај за доделената Благодарница "Илинден", оценувајќи ја оваа чест како мотивација за понатамошен професионален ангажман во служба на информирањето и вистината.

## ДЕЛЕГАЦИЈА НА МАКЕДОНСКАТА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ИМ СЕ ПОКЛОНИ НА БОРЦИТЕ ОД СЕЛОТО ТУМИНЕЦ



Делегација на Македонската алијанса за европска интеграција им се поклони на борците од селото Туминец.

На 10 мај 2026 година, делегација на единствената македонска партија во Албанија „Македонската алијанса за европска интеграција" (МАЕИ) со длабока почит им се поклони на борците од селото Туминец, хероите од Илинденскиот период и од Народноослободителната борба во Втората светска војна, кои со неизмерна пожртвуваност и љубов кон својот народ се бореа за слободата и достоинството на Македонците.

Туминец е село со богата и славна историја, кое низ генерации изнедрило храбри луѓе подготвени да ја жртвуваат сопствената судбина за идеалите на слободата. Нивниот подвиг останува врежан во колективната меморија како светол пример за патриотизам, храброст и непоколеблива верба во иднината.

Наш долг е да ги чуваме споменот и делото на овие великани и да им го пренесуваме на младите генерации како аманет дека слободата е најголемата вредност и дека идентитетот се брани со чест и достоинство.

Вечна им слава и благодарност на борците од Туминец! Нивната жртва и нивното дело засекогаш ќе живеат во срцата на Македонците.

## ФАЛСИФИКУВАЛЕ ДОКУМЕНТИ ЗА БУГАРСКО ПОТЕКЛО УАПСЕНИ СЕ АДМИНИСТРАТОРОТ НА ОСТРЕНИ ОБЛАСТА ГОЛО БРДО И НЕГОВИОТ ПРЕТХОДНИК




Полицијата во Дебар (Пешкопеја) успешно заврши акција против фалсификување во државни органи, со цел добивање бугарски пасоши од албански граѓани.

Се известува дека сегашниот администратор на административната единица Острени областа Голо Брдо, Ндричим Сула и поранешниот администратор, Бајрам Мета се кривично гонети за злоупотреба на службена должност и фалсификување документи.

Според полицискиот извештај тие фалсификувале документи за граѓански статус, со цел да им обезбедат на разни лица сертификати како да се жители на административната единица Острени, а потоа да ги испратат овие документи во Бугарија, со цел да им обезбедат бугарски пасоши.

**Соопштение на полицијата**

ОВП Дебар (Пешкопеја) – Успешно е финализирана полициската операција со кодно име „ИДЕНТИТЕТ", која трае околу 1 месец, со употреба на специјални истражни методи. 49-годишен маж од Бугарија е уапсен откако се обидел да ја премине границата со 21 осомничени фалсификувани документи за 21 различни граѓани, со цел да им обезбеди бугарски пасоши.

Сегашните и поранешните администратори на административната единица Острен, општина Булќиза, се гонат за злоупотреба на службената положба и фалсификување документи.

Специјалистите за истраги за економски и финансиски криминал при Управата за локална полиција во Дибер, врз основа на добиените информации дека некои граѓани фалсификувале документи за граѓански статус со цел да им обезбедат на разни лица уверенија како да се жители на административната единица Острени, а потоа да ги испраќаат овие документи во Бугарија, со цел да им обезбедат бугарски пасоши, започнаа проактивни истраги, проследени со специјални истражни методи, околу 1 месец, за справување со оваа група.

Како резултат на спроведените истраги, структурите на ДВП Дебар (Пешкопеја) во соработка со Комесаријатот на граничната полиција Дибер, под раководство на Обвинителството Дебар (Пешкопеја), успешно ја финализираа полициската операција со кодно име „Идентитет", каде што, како резултат на тоа, на излезот од ГПЦ Блато, приведен е граѓанинот Е. Т. 49 години, жител на Софија, Бугарија.

При физичка проверка извршена од службите на граничната полиција, во возилото што го управувал овој граѓанин се пронајдени 21 сомнителни фалсификувани документи за 21 различен граѓанин, со цел да им се обезбедат бугарски пасоши. Материјалите се упатени и до Обвинителството, каде што е покрената кривична постапка против граѓаните:

Н.С 53 години, жител на село Острени, со должност администратор на административната единица Острен, општина Булќиза; Б.М 62 години, жител на село Лешничани, поранешен администратор на административната единица Острени, општина Булќиза.

Овие двајца граѓани, при вршење на своите службени должности, се осомничени дека сториле дела спротивни на законот, со издавање и фалсификување документи за граѓански статус за разни лица, со цел добивање бугарски пасоши.



Trebishte, Golo Brdo

Истрагите се во тек за целосно правно документирање на овој случај, како и за идентификација и правна одговорност на други лица вмешани во оваа нелегална активност.

Процесните материјали се доставени до Обвинителството при Основниот суд за општа надлежност во Дебар, за понатамошно постапување.

**Идентитетот не може вештачки да се создаде со фалсификување документи и делење пасоши**

Претставници на Македонците во Албанија алармираат дека се спроведува систематска кампања во организација на Софија за

негирање и асимилирање на македонското малцинство во Албанија.

Според официјалната информација на органите за внатрешни работи на Општина Дибер, деновиве успешно е финализирана полициската операција со кодно име „Идентитет“. Акцијата траела подолго време, при што биле активирани специјални истражни методи. При финализирањето на акцијата, лишено е од слобода „49-годишно машко лице од Бугарија во обид да ја премине границата со повеќе десетици фалсификувани документи за граѓани од Албанија, со цел да им обезбеди бугарски пасоши“. Во информацијата исто така се вели и дека „специјалистите за истраги за економски и финансиски криминал при Управата за локална полиција во Дибер, врз основа на добиените информации дека некои граѓани фалсификувале документи со цел да им обезбедат на разни лица уверенија како да се жители на административната единица Острени, а потоа да ги испраќаат овие документи во Бугарија, со цел да им обезбедат бугарски пасоши, започнале интензивни истраги, проследени со специјални истражни методи, околу еден месец, за справување со оваа група“.

**Систематска и добро организирана политика на Софија за создавање „бугарско малцинство“ на вештачки начин, со бугарски пасоши за Македонците од Албанија**

Според информациите од теренот, бугарските пасоши биле наменети за лица со македонска етничка припадност, граѓани на Албанија. Со години македонските претставници во Република Албанија постојано предупредуваат дека се спроведува систематска и добро организирана политика за создавање „бугарско малцинство“ на вештачки начин. Оваа стратегија не е спонтан процес, туку внимателно осмислен проект, поддржан од државни институции во Софија и од приватни бугарски фондации и друштва, кои со различни методи – од финансиски поттикнувања до административни манипулации – се обидуваат да конструираат паралелна етничка реалност. Таа реалност, сепак, не кореспондира со историските факти, културните традиции и јазичните особености на регионот Голо Брдо, ниту пак со сите други области во Албанија каде што со векови живеат Македонците. Во суштина, станува збор за политика на идентитетски инженеринг, која има цел да ја изобличи вистината и да ја претвори во инструмент за геополитички интереси. Наместо да се почитува автентичната културна и јазична матрица на македонската заедница, се создава фиктивна „бугарска заедница“, која треба да послужи како аргумент во меѓународните институции. Оваа практика е спротивна не само на историската меморија на регионот туку и на европските стандарди за заштита на малцинствата, кои бараат признавање и почитување на реалните етнички и културни идентитети, а не нивно административно прекројување.

**Фалсификуваните документи и политиката на идентитетски инженеринг**

Полициската акција „Идентитет“ во Албанија ја разоткри суштината на овие политики и ја осветли нивната вистинска природа. Она што на прв поглед изгледа како криминален случај на фалсификување документи, всушност е дел од поширока стратегија за идентитетско инженерство. Меѓу уапсените се и сегашниот и поранешниот администратор на административната единица Острени – кои, злоупотребувајќи ја својата службена положба, фалсификувале документи. Целта била јасна и недвосмислена, а тоа е да се создадат сертификати за фиктивно жителство, кои потоа се испраќале во Бугарија за да се обезбедат бугарски пасоши.

Овој механизам не е само административна злоупотреба туку и доказ за постоење организирана мрежа што ја користи институционалната инфраструктура за да конструира паралелна етничка реалност. Во возилото на еден бугарски државјанин беа пронајдени 21 фалсификуван документ – материјален доказ за систематски обид да се создаде „бугарско присуство“ таму каде што историски и културно постои македонска заедница. Случајот „Идентитет“ симболично ја разоткрива суштината на политиките на Софија. Имено, идентитетот да се видоизмени како административна категорија (патна исправа) што може да се прекројува со печат и потпис, а не како историска и културна реалност што се пренесува низ генерации. Наместо да се почитува автентичниот идентитет на македонската заедница во Албанија, се создава фиктивна „бугарска заедница“, која треба да послужи како аргумент во меѓународните институции.

Фалсификувањето документи за таков статус не е само кривично дело туку директно нарушување на принципите на меѓународното право за заштита на идентитетот и правата на малцинствата. Европската Унија има јасни стандарди – идентитетот не може да се конструира административно, туку мора да се заснова на историски и културни факти – вели професор по меѓународно право од Универзитетот во Тирана во изјава за „Нова Македонија“.

**Европска реторика, балканска практика**

Оваа практика не е изолиран случај и не треба да се третира дека е само од доменот на „општ криминалитет“, туку многу подлабоко, како организиран криминал со карактеристики на загрозување на државноста и на македонската нација како интегрална заедница, која ја има и во соседните држави на матицата Македонија. Имено, овој случај е само дел од поширока и долгорочна политика на систематско

негирање на македонското постоење и присвојување на македонското духовно, културно и историско наследство. Таа претставува обид да се избрише историската вистина и да се наметне нова вештачки конструирана етничка слика, која не произлегува од реалноста на теренот, туку од политичките амбиции на Софија. Наместо да се признае автентичната историска и етнолингвистичка реалност на македонското малцинство во Албанија – заедница со длабоки корени, јазична особеност и културна традиција – се создава паралелна „бугарска заедница“, која служи како инструмент за политички и европски маневри. Ваквата стратегија е повеќе од административна манипулација: таа е дел од поширок проект за идентитетски инженеринг, кој има цел да ја изобличи меморијата на цели региони и да ја претвори во средство за геополитичка легитимација. Така, Бугарија се обидува да ја засили својата позиција во меѓународните институции преку фабрикувани бројки и документи, претставувајќи фиктивна демографска реалност како аргумент за своите национални интереси.

**Уште еден софиски рецепт од хегемонистичката кујна што ја труе довербата меѓу соседите Македонија и Бугарија**

Во суштина, станува збор за политика што ја поткопува довербата меѓу соседите и ја доведува во прашање европската кредибилност на Софија. Наместо да гради мостови на соработка и признавање, таа се служи со методи на негирање и присвојување – практики што се спротивни на европските стандарди за заштита на малцинствата и на принципите на меѓународното право. Идентитетот не може да се создава со печат и фалсификуван документ; тој е живо историско и културно наследство, кое не може да се избрише или да замени со административни конструкции. Иронијата е во тоа што Бугарија, како членка на Европската Унија, се претставува како носител на европски вредности, додека на терен практикува методи спротивни на тие вредности: фалсификување, злоупотреба на службена должност, манипулација со идентитети. Оваа двојност ја разголува суштинската противречност меѓу реториката и практиката, меѓу декларативната европеизација и балканската политика на асимилација – велат добро упатени лица за оваа проблематика.

**Македонците во Албанија го разобличуваат пописниот инженеринг**

Постојат сериозни индикации дека со посредство на Софија, преку злоупотреба на позицијата како ЕУ-членка и на своето влијание, и во соработка со одредени институции во Албанија биле инсталирани одбрани подобни попишувачи, а врз граѓаните биле вршени притисоци, закани и поткуп со цел да се изјаснат како Бугари, што претставува класичен пример на пописен инженеринг. Македонското друштво „Илинден“ – Тирана останува цврсто посветено на заштитата на идентитетот на македонското малцинство во Албанија и на почитувањето на законите и европските вредности, велат од споменатото македонско друштво. Македонските претставници во Албанија со години алармираат за овие процеси, предупредувајќи дека македонското малцинство не може да се избрише со административни трикови, фалсификувани документи и пасоши што се создаваат во сенка на институционални злоупотреби. Идентитетот не е хартија со печат, туку живо историско и културно наследство пренесувано низ генерации, вкоренето во јазикот, традицијата и колективната меморија на заедницата. Тој е духовна и културна реалност што не може да се редуцира на административна фикција.

Полициската акција „Идентитет“ само го потврди она што македонската заедница одамна го знае и чувствува: дека се води систематска кампања за нејзино бришење и замена со вештачки конструирана „бугарска“ присутност. Оваа акција не е само полициска интервенција туку и симболичен чин што ја разоткрива вистината – дека зад фасадата на европска реторика се крие политика на манипулација со идентитети.

Македонските претставници со право инсистираат дека идентитетот не може да биде предмет на фалсификување, ниту пак да се прекројува според геополитички интереси. Тој е дел од колективната историја и културна меморија, која не може да се избрише со административни конструкции. „Идентитет“ ја потврди суштинската дилема: дали Европа ќе дозволи ваквите практики да продолжат или ќе застане во одбрана на принципите на вистината, правото и малцинската заштита.

Ги повикуваме Министерството за внатрешни работи и сите надлежни органи да ја прошират истрагата и во другите општини каде што постојат сомнежи за слични незаконски активности, како и да се разбие целосната мрежа што стои зад овој организиран криминал поврзан со издавањето бугарски пасоши. Наедно, бараме надлежните институции да ја прошират истрагата не само за незаконското издавање лажни потврди за бугарско потекло туку и за влијанието што мрежата на посредници за бугарски пасоши го имала за време на пописот во 2023 година на целата територија на Албанија. Постојат сериозни индикации дека преку злоупотреба на позицијата и влијанието биле инсталирани свои попишувачи, а врз граѓаните биле вршени притисоци, закани и поткуп со цел да се изјаснат како Бугари, што претставува класичен пример на пописен инженеринг. Македонското друштво „Илинден“-Тирана останува цврсто посветено на заштитата на идентитетот на македонското малцинство во Албанија и на почитувањето на законите и европските вредности – се вели во соопштението на споменатото македонско друштво.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА ЈА ПОЗДРАВУВА АКЦИЈАТА НА АЛБАНСКАТА ПОЛИЦИЈА ВО ОПШТИНА БУЛЌИЗА, ПРИ ШТО БЕА УАПСЕНИ ФУНКЦИОНЕРИ ИНВОЛВИРАНИ ВО ИЗДАВАЊЕ ЛАЖНИ ПОТВРДИ ЗА БУГАРСКО ПОТЕКЛО




Македонско друштво "Илинден"-Тирана ја поздравува акцијата на албанската полицијата во општина Булќиза на 10 април 2026 година, при што беа уапсени функционери инволвирани во издавање лажни потврди за бугарско потекло на жители во административната единица Острени, областа Голо Брдо.

Го повикуваме Министерството за внатрешни работи и сите надлежни органи да ја прошират истрагата и во другите општини каде што постојат сомнежи за слични незаконски активности, како и да се разбие целосната мрежа што стои зад овој организиран криминал поврзан со издавањето бугарски пасоши.

Воедно, бараме надлежните институции да ја прошират истрагата не само за незаконското издавање лажни потврди за бугарско потекло на жители, туку и за влијанието што мрежата на посредници за бугарски пасоши го имала за време на Пописот во 2023 година на целата територија на Албанија. Постојат сериозни индикации дека преку злоупотреба на позицијата и влијанието биле инсталирани свои попишувачи, а врз граѓаните бил вршен притисок, закани и поткуп со цел да се изјаснат како Бугари, што претставува класичен пример на пописен инженеринг.

Македонско друштво "Илинден"-Тирана останува цврсто посветена на заштитата на идентитет на македонското малцинство во Албанија и на почитувањето на законите и европските вредности.

## БИЗНИС СО ЛАЖЕН ИДЕНТИТЕТ: МАЕИ БАРА ИСТРАГА ЗА МАФИЈАТА СО БУГАРСКИ ПАСОШИ ШТО ГИ УЦЕНУВА АЛБАНСКИТЕ ГРАЃАНИ




Македонската алијанса за европска интеграција (МАЕИ) ја поздравува акцијата на албанската полиција во општина Булќиза, спроведена на 10 април 2026 година при што беа уапсени функционери инволвирани во издавање лажни потврди за бугарско потекло.

Сепак, нагласуваме дека ова претставува само врв на ледениот брег. Ваквите злоупотреби се присутни во повеќе општини низ Албанија уште од 2020 година и претставуваат организирана појава која сериозно го нарушува правниот поредок и кредибилитетот на институциите.

Во 2017 година, Бугарија, под закана со вето врз европскиот пат на Албанија, надвор од сите правни критериуми, издејствува признавање на непостоечко бугарско малцинство.

Една од клучните мерки за создавање вештачко бугарско малцинство во Албанија е доделувањето бугарски пасоши, при што се злоупотребува тешката економска состојба, како на македонското малцинство, така и на албанските граѓани воопшто. Граѓаните плаќаат илјадници евра за да добијат бугарски пасош и да обезбедат можност за работа во земјите на Европската унија, користејќи ги привилегиите што произлегуваат од членството во ЕУ.

Станува збор за организиран бизнис вреден милиони евра, кој не е ограничен само на Албанија, туку функционира и во други земји надвор од Европската унија, како Македонија, Косово, Србија, Украина и Молдавија.

Во последните години, како дел од оваа стратегија, од апликантите за бугарско државјанство се бараат потврди за бугарско потекло, кои во многу случаи нелегално се издаваат од локални функционери без законска надлежност. За жал, поединци на одговорни позиции, водени од личен интерес, активно учествуваат во оваа незаконска практика.

Потсетуваме дека МАЕИ уште од 2020 година континуирано ја алармира јавноста, како и домашните и меѓународните институции, за постоењето на овие злоупотреби.

Го повикуваме Министерството за внатрешни работи и сите надлежни органи да ја прошират истрагата и во другите општини каде што постојат сомнежи за слични незаконски активности, како и да се разбие целосната мрежа што стои зад овој организиран криминал поврзан со издавањето бугарски пасоши.

Воедно, бараме надлежните институции да ја прошират истрагата не само за незаконското издавање лажни потврди за бугарско потекло, туку и за влијанието што мрежата на посредници за бугарски пасоши го имала за време на пописот во 2023 година на целата територија на Албанија. Постојат сериозни индикации дека преку злоупотреба на позицијата и влијанието биле инсталирани свои попишувачи, а врз граѓаните бил вршен притисок, закани и поткуп со цел да се изјаснат како Бугари, што претставува класичен пример на пописен инженеринг.

МАЕИ останува цврсто посветена на заштитата на идентитет на македонското малцинство во Албанија и на почитувањето на законите и европските вредности.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО „СОНЦЕ“ ЌЕ БИДЕ ДОМАЌИН НА СЛЕДНОТО ГЕНЕРАЛНО СОБРАНИЕ НА НПЛД, КОЕ ЌЕ СЕ ОДРЖИ ВО 2027 ГОДИНА



Мрежата за промовирање на лингвистичка разновидност (НПЛД), на 8 мај 2026 година на Генералното собрание во Стокхолм, Шведска, го прифати предлогот на Македонското друштво „Сонце“ следното Генерално собрание на НПЛД во 2027 година да се организира во Албанија, во соработка со Друштвото „Сонце“.

Пред делегатите на Генералното собрание, м-р Васил Стерјовски, претседател на Македонското друштво „Сонце“ го претстави предлогот за ова значајно европско собрание да се одржи во Албанија, а предлогот беше едногласно прифатен, што претставува момент од историско значење за Македонците во Албанија.

Според зборовите на Стерјовски, над 100 учесници од цела Европа, експерти од Советот на Европа, Европската комисија, претставници на Универзитети и организации на малцинствата, како и високи претставници на регионални власти и институции одговорни за политиките за регионални и малцински јазици, се очекува да дојдат во Албанија и директно ќе се запознаат со положбата, предизвиците и правата на Македонците во Албанија. Ова е голем успех за македонската заедница, бидејќи прашањето за положбата на Македонците во Албанија го издигнуваме на европско ниво. Со ова, нашиот глас станува дел од европските институции и политики за заштита на малцинските права и јазичната разновидност.

Искрено ѝ благодариме на НПЛД за довербата и поддршката. Македонското друштво „Сонце“ во 2024 година стана членка на оваа престижна меѓународна мрежа, со седиште во Брисел, во која членуваат автономни региони, универзитети и организации на малцинствата од цела Европа. За краток период успеавме да станеме доверлив и почитуван партнер во ова европско семејство. Голема благодарност упатуваме и до Македонското меѓународно движење за човекови права (ММДЧП) од Торонто, кое нè поддржува и ја покрива членарината на Македонското друштво „Сонце“ во оваа престижна мрежа за малцински права. Продолжуваме достоинствено, европски и обединето, за правата, идентитетот и иднината на Македонците во Албанија изјави м-р Стерјовски.

## ЧЕСТИТКА ОД МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ПО ПОВОД 5 МАЈ – ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК




Македонско друштво “Илинден”-Тирана по повод 5 Мај – Денот на македонскиот јазик упатува искрена честитка до сите Македонци.

Негувањето на мајчиниот македонски јазик значи јакнење и зачувување на националниот и културен идентитет, со што нашите деца ќе бидат воспитани соодветно да ги негуваат своите национални, културни и верски традиции. Образованието на мајчин македонски јазик е најважниот сегмент во негувањето на основните обележја на еден народ.

Македонците во Албанија ги има во четири области: Голо Брдо, Преспа, Гора, Врбник, како и во најголемите градови – Тирана, Елбасан, Драч, Каваја, Корча, Билишта, Подградец, Скадар, Кукс, Берат, Либражд, Валона, Фиер, Патос.

Бројноста на Македонците во Република Албанија е над 120.000 според проценката на македонските организации, но, за жал, во 21 век само во Преспа имаат право на образование на мајчин македонски јазик.

Македонското друштво “Илинден”-Тирана од 2009 година бара образование на мајчин македонски јазик за децата Голо Брдо, каде настава на македонски, имало до 1950 година потоа во Гора, како и во другите делови каде концентрацијата на Македонците е поголема, но нема позитивен одговор.

## ПИСМО НА МАЕИ ДО СУДОТ ВО КОРЧА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕДУВАЧ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК



Во врска со тужбата поднесена од фондацијата „Бугарска меморија“ од Бугарија против партијата Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ) и нејзиниот претседател, Васил Стерјовски, како и во врска со последното рочиште одржано во Основниот суд во Корча, на 28 , Партијата достави барање до судот за обезбедување преведувач на македонски јазик а од судијката која го води случајот преиспитување на одлуката во однос на одбивањето на барањето за обезбедување преведувач на македонски јазик за понатамошното водење на судската постапка.

Во однос на барањето за преведувач, нагласуваме дека, иако сум државјанин на Република Албанија со македонска национална припадност, мојот мајчин јазик е македонскиот и правната терминологија ја разбирам поцелосно и попрецизно на овој јазик. Одбивањето на ова барање беше образложено со фактот дека, како албански државјанин, се претпоставува дека го владеам албанскиот јазик и дека, дополнително, можам да се потпрам на помошта од адвокат, рече Стерјовски, по доставувањето на барањето во судот.  Според него, ваквото образложение не е во согласност со правните стандарди и меѓународната пракса.

Фактот дека можам да комуницирам на албански јазик не значи автоматски дека ја владеам правната терминологија, која е специјализирана и често сложена дури и за мајчините говорители на тој јазик. Правото на преведувач не се однесува само на способноста за говорење на јазик, туку пред сè на способноста за целосно разбирање на природата на обвинението и текот на судската постапка. Во согласност со праксата на Европскиот суд за човекови права, помошта од преведувач треба да биде таква што обвинетиот реално ќе може да ја следи постапката и ефикасно да го остварува правото на одбрана, нагласува тој.

Освен ова, во однос на сугестијата за застапување од страна на адвокат, во барањето се нагласува дека улогата на адвокатот е советодавна и одбранбена во правен и стратешки аспект, додека преведувачот има функција на директна и точна јазична комуникација. Овие улоги се различни и меѓусебно незаменливи. Адвокатот не може да го замени преведувачот, бидејќи нема обврска, ниту функција, да преведува целосно и континуирано секоја изјава дадена во текот на рочиштето.

Како припадник на македонското национално малцинство, не сум во состојба целосно да ја разберам правната терминологија и сложеноста на постапката на албански јазик. Поради тоа, за следното рочиште закажано за 30 јуни 2026 година, повторно бараме обезбедување преведувач на македонски јазик. За гарантирање на правото на лице кое припаѓа на национално малцинство да се брани на својот мајчин јазик во текот на судска постапка во Република Албанија, примената на релевантните одредби од националното законодавство и ратификуваните меѓународни инструменти не претставува прашање на дискреција, туку директна законска обврска за судот, стои во барањето.



ALEANCA E MAQEDONASVE PËR INTEGRIMIN EUROPIAN





Во истото се наведуваат одредби од националното законодавство, Уставот, законот за заштита на националните малцинства и оној за кривична постапка со кои стриктно се предвидува правото на секое обвинето лице бесплатно да биде помогнато од преведувач, доколку не го разбира или не го зборува албанскиот јазик.

Ова право, се посочува во барањето, е предвидено и во рамки на меѓународните инструменти, Европската конвенција за човекови права, судската пракса на Европскиот суд за човекови права, како и Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства на Советот на Европа, која ја обврзува државата Албанија, а со тоа и нејзините судски органи, да обезбедат употреба на јазиците на малцинствата во односите со јавните власти, вклучително и во судските постапки, кога тоа е неопходно, вели Стерјовски.

Во овој контекст, се наведува во барањето „одбивањето да се обезбеди преведувач не претставува само процесна одлука, туку директно кршење на уставните и меѓународните гаранции за правично судење, со што сериозно се нарушува правото на одбрана и принципот на еднаквост пред законот". Заради запознавање барањето е доставено до албанскиот државен врв, сите судски инстанци, комесарот за заштита од дискриминација, народниот правобранител.

## ЈОРГО СИДЕРИ (ГЕОРГИ СИДЕРИ НЕГОВАНСКИ) БОРЕЦОТ ЗА СЛОБОДА СО ДВЕ ИМИЊА И ДВЕ НАРОДНИ ЛЕГЕНДИ ПОВРЗАНИ СО НЕГО КОЈ СЕ БОРЕЛ ПРОТИВ ОТОМАНСКОТО ЦАРСТВО И БУГАРСКИТЕ ЕГЗАРХИСТИ



**Фото: Јорго Сидери или (Георги Сидери Негoвански)**

Јорго Сидери, роден во селото Негован во близина на Лерин, недалеку од денешната албанска граница во современа Грција, сè уште денес се смета за многу симболична фигура, иако е широко погрешно разбран од академските кругови и пишаната историја за време на Битката за Македонија (во целата нејзина област, а не само во денешната Македонска држава според нашиот сегашен концепт).

Успешен трговец со дрва, бестрашен борец и човек во вистинската смисла на зборот, Јорго Сидери ќе се соочи со суровата трагедија на убиството на еден од неговите синови од крволочните отомански раце, а како резултат на тоа таа потоа ќе се искачи на планините, каде што со години храбро ќе се бори против турски војници и башибозуци, како и разни претставници на вооруженото влијание на Бугарската егзархија на неговите македонски територии.

Уште од самиот почеток, тој и неговата чета ќе најдат заеднички јазик со истакнатиот водач на ВМРО, Митре Влаха, а потоа заедно ќе се борат против своите бројни непријатели, на обединет фронт со војводите на комитските чети, Атанас Јанков и Коте Христов.

Најинтересниот дел од оваа приказна, пак, има врска со фактот дека овој незаборавен, но и контрадикторен лик, дури и денес, според историографијата, е поделен на две различни личности, поточно, самиот Јорго Сидери и Георги (Јорго, или Ѓерѓ, на албански, со исто значење на името) Негoвански.

Тоа е, човекот кој сè уште се памети во народното сеќавање како Капетан Георги, или Ванчо Борец. Не случајно, приказните на двајцата (бидејќи секако станува збор за ист лик) се идентични во нивната суштина.

Георги Негoвански, роден во албанско-влашко-македонското село Негован, кон крајот на 19 век, исто така се соочува со истата трагедија на убиството на неговиот син од страна на Турците, повторно во 1901 година, и ова е суштинската причина зошто, дури и во оваа верзија на описот на неговиот живот и воена дејност (иако под друго име), тој оди во планините да се бори како комит, со цел да го одмазди својот син и да се бори против непријателите на својот скромен и угнетен народ.

Делата на Георги Негoвански Сидери продолжуваат понатаму, со неговото случајно вклучување во Бугарија во познатата афера со киднапирањето на американската мисионерка Мис Стоун, каде што ќе се извлечи сепак жив, само благодарение на интервенцијата на неговиот близок пријател и соборец, војвода Дончо Златков.

Исто така, во сите народни и историски приказни за нив, Јорго Сидери и Георги Негoвански ја напуштаат историската сцена околу 1904 година (уапсени од отоманските власти и затворени во Солун).

Сепак, добро основаните народни (и семејни) традиции укажуваат дека неговата борба ќе продолжи долго потоа, по неговиот неколкугодишен егзил во Бостон, САД, од каде што се вратил во пресрет на

Балканските војни и Прогласувањето за независност на Албанија, за повторно да се бори против истите непријатели (Османлиите во процес на пораз и Бугарите кои дошле со своите освојувачки војски до Поградец и Корча).

Георги Сидери Негovански ќе учествува во Прогласувањето на Република Корча со поддршка на француската армија во 1917 година (исклучувајќи ги Грците од поседот на таканаречениот албански Мал Париз) и ќе биде убиен од андартите токму во овие воени години кога борбата за ослободување на Македонија и Албанија беше пожива од кога било, борба што често ја делеа Македонците и Албанците (исто така преку соработката на четите на ВМРО, со водачите на албанските комитети, како што се Черчиз Топули, Михал Грамено, Темистокли Гермењи или Спиро Белкамени, кој потекнувал од друго мешано село во регионот на Лерин, Белкамен, населено со православни Албанци и Македонци).

Слично на Георги Сидери Негovански, од Негован, потекнуваат и други истакнати личности од Македонско потекло, како што се  Коци Sose и познатиот член на комитското движење, Никола Христов.

Со текот на времето, грчката и бугарската историографија ќе го присвојат (Грците) или ќе се обидат да го оцрнат споменот на овој непоколеблив човек, давајќи невистинити и лажни конотации на неговото големо дело и неговата бескомпромисна борба.

Георги Сидери Негovански е, во секој случај, еден и истиот човек, кој, речиси секогаш, сам, со својата пушка, се борел против безброј непријатели и секогаш ќе остане таков во народното сеќавање.

Автор: Елви Сидери, писател и повеќејазичен книжевен преведувач од Тирана

## 105 ГОДИНИ ОД УБИСТВОТО НА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ



На 26 јуни 1921 година во Софија бил убиен Ѓорче Петров, една од личностите кој целиот свој живот го посветил на борбата за слобода на македонскиот народ.

Тој бил еден од највeрните идејни соработници на Гоце Делчев и истакнат заштитник на целите и на принципите на Внатрешната македонска револуционерна организација.

Иако бил противник за предвремено кревање востание на македонскиот народ, тој зел активно учество во Илинденското востание од 1903 година.

Роден бил во Варош, Прилепско, на 2 април 1865 година.

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола Ѓурѓај
Лектура: Естела Карамешиноска
Компјутерска обработка: Анита Милевска
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник “Илинден” и Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Адреса: Rruga “Mihal Grameno“ Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник “Илинден” - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**

# Македонска народна носија - Гора




# Veshje popullore maqedonase - Gorë